Здружение за рурален развој “Локална Акциона група АГРО ЛИДЕР“ во партнерство со здружение на граѓани “Хуманост кон младите“

# Стратегија за млади претприемачи од немнозински етнички заедници

Стратегијата за млади претприемачи од немнозински етнички заедници за општина Долнени е изготвена со поддршка од Европска Унија преку програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014, имплементиран од страна на Фондација за Претприемачки Сервис за Млади (координатор), Фондација за Менаџмент и индустриско истражување, Фондација Евро Центар и Здружение на граѓани Милениум.

**Стратегијата е подготвена од Здружението за рурален развој "Локална акциона група Агро Лидер" и здружението на граѓани "Хуманост кон младите"**

## СОДРЖИНА:


Предговор ........................................................................................................ 4

Вовед.................................................................................................................. 5

Основни цели на стратегијата ..................................................................... 5

Методологија.................................................................................................... 6

Претприемништвото и младите во ЕУ ......................................................... 7

Корелација со други релевантни стратегии и документи ........................... 9

Општина Долнени – краток преглед............................................................ 11

SWOT анализа................................................................................................. 13

Што општината треба да направи?!............................................................. 17

ЗАКЛУЧОЦИ.................................................................................................... 19

ПРЕПОРАКИ.................................................................................................... 20

ФИНАНСИРАЊЕ............................................................................................. 22

# Предговор

Промовирајќи го претприемништвото како заедничка мултиетничка перспектива која ги поврзува младите со желба да се допринесе кон развојот на мултикултурана демократија се имплементираше проектот **"Општинска стратегија за млади претприемачи од немнозински етнички заедници"** од страна на Локална Акциона Група Агро Лидер и НВО Хуманост кон младите, а финансиран од Европската Унија преку програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014, имплементиран од страна на Фондација за Претприемачки Сервис за Млади (координатор), Фондација за Менаџмент и индустриско истражување, Фондација Евро Центар и Здружение на граѓани Милениум.

Ова е уште еден доказ дека претприемачкиот потенцијал кај младите во насока на идеја, иновативност и желба, без обзир на степенот на образование е голем и ова може да претставува извор на просперитет и развој за општините. Факторите кои влијаат врз претприемништвото (особено кај младите) се многубројни и комплексни. Затоа, само со напори од сите заинтересирани страни (општините, владата, бизнис секторот и граѓанското општество) може да се подобри бизнис климата и да се развие младинското претприемништво

Многубројните анализи укажуваат на потребата од воведување специфични програми и/или стратегии што ќе допринесат кон ублажување на органичувачките фактори за развој на претприемништвото односно повикуваат кон постратешки пристап. Наша цел е да со овој проект се креира стратешки документ за да се надминат овие предизвици што ќе доведе до поставување на основи за инклузивно младинско претприемништво со долгорочен ефект.

Креирањето на секој стратешки документ на локално ниво претставува голем предизвик. Од друга страна, овој документ адресира широк спектар на предизвици: процесите за менување на начинот на размислување кај населението (особено меѓу младите), проблемот на невработеноста и зајакнувањето на доживотното учење. Во кратки црти, оваа стратегија има потенцијал да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот и искористување на потенцијалот на младите, што индиректно ќе придонесе кон економски развој на заедницата.

# Вовед

Претприемништвото се препознава како една од најважните проблематики на модерната економија; меѓутоа, истовремено тоа е познато и како една од најсложените области. Стратегијата за млади претприемачи има за цел да ја зголеми самодовербата за претприемачките потфати на сите граѓани при што ќе ги оспособи да имаат целосна и ефективна улога во идниот развој на економијата и заедницата. Претприемаштвото претставува начин на размислување и однесување; се работи за идентификување на можностите, составување тим, обезбедување ресурси, како да се биде позитивен, како да се преземаат ризици и како да се создава подобра иднина.

## Основни цели на стратегијата

1. Ќе го зголеми нивото на свеста помеѓу сите граѓани за значењето и важноста на претприемачкото учење на сите нивоа во земјата.
2. Ќе креира околина за соработка меѓу сите институции за претприемачко образование, локалната заедница, претпријатијата и семејствата, каде ќе биде овозможена поддршка на активностите за претприемачко учење на сите нивоа во земјата.
3. Ќе ги опреми сите образовни институции со најмодерните технологии за активностите за претприемачко учење на сите нивоа на образование низ целата земја

Според професорот Томас Куни „*Примарната цел на претприемачкото образование не е едноставно да ги наведе сите граѓани да отворат свои бизниси туку да им даде на младите луѓе способност да размислуваат позитивно, да бараат можности за реализирање на идеите, да имаат самодоверба за постигнување на своите цели и да ги искористат своите таленти за изградба на подобро општество (како од економска, така и од социјална гледна точка). Тоа, исто така, препознава дека учениците и студентите од сите академски профили може да бидат дел од овој процес и дека успехот не зависи од академските резултати туку од тоа како луѓето ќе го живеат својот живот.*

# Методологија

Основна цел на стратешкото планирање е утврдување на постоечката состојба за претприемништвото и на структурен начин дефинирање на визија, избор на приоритетни цели, мерки и активности поврзани со остварување на поакуваната цел. Стратешкото планирање е структурирарн методолошки процес чиј исход е стратешки документ.

Стратешкото планирање ги опфати целите, насоките и активностите за реализирање на планираните мерки, преку заедничка соработка на локалната самоуправа на Општина Долнени, граѓанскиот и бизнис секторот.

Подготовката на Стратегијата е само прв чекор кој не обврзува сите нас да направиме се што е во рамките на можностите да ја преточиме Стратегијата во реалност преку имплементација на суштинските задачи дефинирани во Стратегијата. Стратегијата не е ригидна рамка. Таа претставува рамка за стратешко планирање во која се утврдуваат целите и начинот како да се постигнат тие цели. Ова значи дека Општинскиот тим треба да продолжи со својата работа и врз основа на стратегиските економски промени и реалните фактори, да ги прилагоди идните активности во рамките на Стратегијата и да ги имплементира истите во реалност.

Стратегијата за ,младинско претприемништво е сеофатна интегрирана стратегија која се стреми да создаде услови за овозможување на развој на успешни и одржливи бизниси предводени од млади. Таа има за цел да обезбеди рамка која ги поддржува рационализацијата и синхронизацијата на постоечките политики, програми и законодавство на начин кој ќе го промовира Претприемништвото меѓу младите. Идентификување на празнините и нивно решавање со цел да се намали миграцијата на младите од Општина Долнени и да “стане место на избор на живеење, работа, зголемување на семејствата, ја наметнува потребата од посветеност и поддршка на претприемачки таленти и креативност. Нашата младина може да даде значаен придонес во градењето и зајакнувањето на капацитетите на заедниците каде припаѓаат.

За изведувањето на оваа Стратегија се користени следните методи:

- ***Деск истражување*** со цел да се утврди постоечката ситуација во областа поддршка на претприемништвото во однос на главните стратегии, законодавство и мерките кои ги презема државата во оваа област.

- ***Метод на квалитативно испитување***
За квалитативното испитување се користеше метод на форуми и метод на групна работа.
Беа организирани два форуми со две фокус групи, во општина Долнени.
Од Форумите произлегоа главните поенти за подготовка на оваа Стратегија.
Развојот на оваа стратегија би значело создавање на нови вредности, основа за развој на еден динамичен социјален процес во рамките на кој поединци, самостојно или во соработка, ги идентификуваат можностите за иновативност преку трансформација на идеи во практични и целни активности, било во социјален, културен или вредносен контекст.

# Претприемништвото и младите во ЕУ

Нивото на невработеност кај младите останува многу високо во неколку земји-членки на ЕУ, и таму е зголемена свеста за економските и социјалните последици поврзани со долгорочно неангажиање на пазарот на трудот. Во светлината на високиот потенцијал на претприемачите да создаваат Вработување и одржлив развој, промовирање на младинското претприемништво за Европа да стане претприемнички ориентирана стана приоритет на политичката агенда на ЕУ. Самовработувањето и Претприемништвото не е лек за решавање на кризата со невработеноста на младите, бидејќи само мал дел Од младите луѓе имаат вистински вештини, идеи и лични особини за претприемачи. Сепак, креирањето на претприемнички ориентирана Европа и помошта за младите луѓе да ги трансфрмираат нивните кретивни идеи во успешни бизнис планови со отстранување на бариерите преку претприемниптвото има многу потенцијални придобивки, вклучувајќи директно и индиректно создавање на работни места и развој на човечки ресурси и нови вештини.
Во денешна Европа, на младите луѓе им е многу тешко да го најдат своето место во светот на работата. Затоа, поттикнувањето на поголемо учество на младите луѓе на пазарот на трудот стана приоритет во политиката. Примерите за релевантни активности ги вклучуваат Иницијативата за младински можности и Младински пакети за вработување од 2011 година, што доведе до воведување на Младинска Гаранција во сите земји Членки на Европската Унија - усвоена од Европскиот совет во април 2013 година. Комисијата подоцна ја започна 2013 "Иницијатива за вработување на младите" и Комуникацијата "Работиме заедно за Европската младина - повик за

акција за невработеност на младите ", со цел да се забрза имплементацијата на Младинската гаранција и инвестициите во младите лица.

Во оваа рамка, младинското претприемништво стана многу висок приоритет во дебатата за ЕУ поради потенцијалот за создавање работни места и развој на човечкиот капитал. На пример, во 2013 година Европската Комисија објави Акционен план 2020 Комуникација за претприемништво. Овој документ предлага одлучувачки активности за ослободување на европскиот претприемачки потенцијал и отстранување на постоечките препреки за развој на претприемништвото.

Клучни податоци - И покрај високиот политички интерес во младинското претприемништво, само мал број на млади лица се одлучиле за самовработување (6.5% од младите лица на возраст од 15 до 29 години, односно околу 2.7 милиони лица). Постојат значителни разлики меѓу земјите-членки на ЕУ и застапеноста на самовработување на млади од 15% во Италија и Грција до 3% или помалку во Германија и Данска. Оваа разновидност може да ги изразува постоечките национални разлики во поглед на бариерите или можностите за основање на нови бизниси како и различните услови на пазарот на труд.

Самовработувањето кај младите е претежно машка актвност, само 33% од младите самовработени во ЕУ28 се жени. Дополнителна загриженост е преголемата застапеност на младите самовработени лица во сектори со ниски бариери за влез, како што е градежништвото.

Одлуката да се биде самовработен е комплексна и определена од различни микро и макро фактори. Понатаму, социјалните и индивидуалните ставови ја обликуваат перцепцијата и изводливоста на претприемништвотот како опција за кариера. И покрај нискиот процент на млади – самовработени луѓето во Европа сепак се многу заинтересирани да станат претприемачи. Учеството на младите во претприемништвото во ЕУ споредени со други делови на светот, како Бразил, Кина, Индија и САД покажува пониски вредности, но од година во година со воведувањето ан низа мерки и активности за развој на претприемништвото овој број забележува пораст.

Ова се неколку од избраните мерки и иницијативи за политики кои го поттикнуваат младинското претприемништво:

- Поттикнување на претприемачки начин на размислување, ставови и култура кај младите (иницијативите најчесто понудени во рамките на образовниот систем, ги прилагодуваат целите и алатките според нивоата и возраста на учениците.

- Обезбедување на информации, совети, обуки и менторство (ова им помага на младите претприемачи да ги надминат празнините во нивната работа, знаење и искуство поврзано со бизнис преку различни алтки за поддршка.
- Отстранување на перцепираните практични бариери и олеснување на пристапот до кредити. Овде се адресира недостигот на почетен капитал и проблеми при добивање на надворешна финансиска поддршка што особено влијае кај мледите претприемачи, како и наоѓање на соодветен простор и физичка инфраструктура за развој на нивните бизниси.

# Корелација со други релеватни стратегии и документи

**- Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија.** Еден од стратешките концепти во оваа стратегија е рационализирањето на приватниот сектор и градење на свесноста за одржливиот развој во Република Македонија. Стратегијата за ПУ може дополнително да го подобри исполнувањето на овие стратешки цели.

- **Акцискиот план за вработување на младите 2015 година**, исто така, упатува на реформи на системот за образование и обука што ги адресираат доживотното учење и потребите за вработување на младите луѓе што се надвор од формалниот образовен систем. Од друга страна, овој план, исто така, има уште една приоритетна цел за поттикнување на вработеноста на младите преку развој на приватниот сектор. Стратегијата за претприемачко учење ќе стане една од клучните движечки сили за поддршка на спроведувањето на овој план.

**- Акциски план за подобрување на конкурентноста**. Надградувањето на претприемачките вештини и поголемиот број на претприемачки потфати во земјата ќе ја зголемат конкурентноста на компаниите од земјата.

- **Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија**. Иако важноста на оваа стратегија истекува на крајот на 2013 година, во тек е изготвувањето на нова стратегија.

Во **Акцискиот план за развој на претприемаштвото во ЕУ 2020** (Повторно будење на претприемачкиот дух во Европа), претприемачкото учење е дел од првиот столб на активности: Претприемачко образование и обука се основа за поддршка на растот и отворање нови бизниси, а главниот акцент е ставен на зголемувањето на зачестеноста и квалитетот на претприемачкото учење, признавање и потврдување на претприемачкото учење во системите на неформалното учење, во развој на механизми за отворање нови претпријатија во универзитетите и развој на ново-настанатиот универзитетски деловен екосистем во врска со адресирање на суштинските општествени предизвици.

Исто така, Република Македонија е една од земјите потписнички на стратегијата ЈИЕ 2020 во којашто претприемачкото учење е наведено како една од клучните компетенции14. Овој стратешки документ ќе придонесе кон спроведувањето на стратегијата ЈИЕ 2020 во Република Македонија.

# Општина Долнени – краток преглед

Општина Долнени го зазема северозападниот дел на Пелагониската котлина, која се наоѓа на околу 600 м надморска височина. Општина Долнени на запад граничи со Општина Крушево, на северозапад со Општина Македонски Брод, на североисток граничи со Општина Чашка, а на југ со Општините Кривогаштани и Прилеп.
На територијата на општина Долнени живеат 13.962 жители (според податоци од 2013 год).Од нив 3.225 лица се на возраст од 15-29год а 3.054 се на возраст од 30-44 години. Во однос на национална припадност, Општина Долнени како мултиетничка заедница забележува застапеност на Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци и др.

| **Општина** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Ост.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13.568 | 4.871 | 3.616 | 2.597 | 13 | 0 | 16 | 2.380 | 75 |
| 100% | 35,90% | 26,65% | 19,14 % | 0,10 % | 0,00% | 0,12 % | 17,54% | 0,55 % |

Од добиените податоци економски активни се 4.059лица, од кои активни се 1.216 а неактивни 2.843, односно стапката на невработеност изнесува 39,86%.
Во табелата е даден приказ на активни деловни субјекти на територијата на Општина Долнени.

| | **вкупно** | **микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
|---|---|---|---|---|---|
| општина Долнени | **203** | **174** | **28** | **1** | **0** |
| | **100.00%** | **85.71%** | **13.79%** | **0.49%** | **0.00%** |

Општина Долнени располага со вкупна земјоделска површина од 15.498 ха, од тоа: вкупно обработлива површина од 14.735 ха, од кои најголем дел ораници и бавчи со 12.770 ха и ливади 1.928 ха. Најголемиот дел од населението од Општина Долнени е вклучено во аграрниот сектор од што може да се заклучи дека земјоделството на територијата на општина Долнени дава големи можности за развој на стопанството, што би придонело до отварање на нови работни места, остварување на финансиски прилив и остварување на подобар стандард на живот на населението во руралните средини.

Во последните 60 години, туризмот во глобални рамки е во постојана експанзија и диверзификација, и притоа постана еден од најголемите и најбрзорастечките економски сектори во светот. Општина Долнени во последниве години бележи популарност и посетеност затоа што нуди добри услови за алтернативен туризам особено параглајдерство.

### *Образование во општина Долнени*

| Вкупно население на возраст 15 години и повеќе | Без образование или некомплетно образование | Основно образование | Средно образование | Висока школа | Докторат | Во процес на образование |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.239 | 4326 | 4165 | 1590 | 83 | 0 | 22 |

Од табелата може да се утврди дека структурата на населението на возраст 15 години и повеќе според школската подготовка на територијата на општина Долнени е изразито неповолна и дека процентот на население без образование, некомплетно основно образование и со завршено основно одделение изнесува 8.491 жители. Исто така може да се забележи дека ситуацијата е особено неповолна во однос на бројот на население со повисока школска подготовка од вишока школа, магистратура, докторат[1].

Сепак мора да се напомене дека овие податоци се добиени од официјалните податоци на Завод за статистика и последниот попис на населението од 2002 година. Табеларните бројки не целосно соодејствуваат со моменталната состојба во општината во однос на образование.

[1] Државен завод за статистика 2002

# SWOT анализа

SWOT анализата е еден од инструментите кој може да послужи во креирање на стратегија. Ова е квалитативен аналитички метод кој низ четири фактори настојува да ги прикаже предностите, слабите страни, можностите и ризиците за одредени појави или ситуации. SWOT анализата треба да укаже на тоа што би требало да се преземе за да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат можностите или барем да се намали нивното влијание.
Со активно вклучување на граѓанскиот и приватниот сектор кој работи на територијата на општина Долнени, а воедно и на претставници на локалната самоуправа на општина Долнени беше изготвена SWOT анализа за состојбата со претприемништвото во општина Долнени. Целната група, а и специфичноста на општина Долнени придонесоа до поопширна и карактеристична SWOT анализа.

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Карактеристична положба на општината и различни етнички заедници<br>- Почитување на разликите и постоење на структурен дијалог<br>- Бесплатна и брза постапка за отворање на нов бизнис<br>- Зголемена општа перцепција за придобивки од самовработување и претприемништво<br>- Зголемена институционална поддршка за развој на претприемништво<br>- Организации за поддршка на бизниси<br>- Фонд за иновации<br>- Голем број на можности за грантови за млади претприемачи за започнување на нови бизниси | - Сложена административна процедура<br>- Мала и недоволна поддршка<br>- Недостатокот на општинска поддршка на граѓанските организации за да можат да понудат партнерства и да водат процеси на пристап на младите кон пазарот на труд<br>- Недоволна информираност за постоење на програми за самовработување<br>- Мал број на вработени лица за помош и поддршка за млади претприемачи<br>- Голем инспекциски надзор<br>- Високи глоби на почеток на отворен бизнис<br>- Политичка поделеност меѓу младите<br>- лоша инфраструктура<br>- Големи културолошки и |

| | |
|---|---|
| - Поволни кредити и кредитни линии на млади претприемачи со рамен данок<br>- Основни претприемачки ресурси со исклучителна вредност за претприемништвото;<br>- Кампањи спроведени во поддршка на одржување и зачувување на карактерот на претприемништвото во Европа<br>- Пристап до финансиски ресурси создадени со започнување и спроведување на финансирање од ЕУ<br>- Постоење и вклучување на деловните луѓе со претприемничко отворање. | традиционални навики и обичаи<br>- Недостиг на деловна етика и претприемачка култура<br>- Слаб пристап до финансии<br>- Високи каматни стапки<br>- Обемна документација за апликација за програмите за поддршка на бизниси<br>- Честа промена на регулатива<br>- Ригорозни казни<br>- Лош пристап до знаење и примена на претприемачки вештини воопшто<br>- Нестабилна претприемничка јавна, социјална и приватна култура<br>- Недостаток на кохерентни стратегии, пораки, комуникација и претприемништво<br>- Неразвиен концептуален, неизбалансиран претприемачки локален пазар,<br>- Недостаток на претприемачки успешни случаи<br>- Недостаток на иницијатива во смисла на компетентност<br>- Законодавни недостатоци поврзани со претприемничкиот развој на територијата<br>- Материјализација на претприемачкиот простор<br>- Недостаток на стратешка визија и развој на приватниот сектор во јавни-приватни партнерства<br>- Несигурности поврзани со развојот на нови претприемачи<br>- Непосредни и психолошки ефекти на кризата |

| **Можности** | **Ризици** |
|---|---|
| - Информации за пристап до финансии<br>- Бесплатни/евтини тренинзи<br>- Бизнис поврзување<br>- Бизнис инкубатори<br>- Поголема поддршка при бесплатно менторство од страна на искусни претприемачи<br>- Поголема соработка помеѓу претприемачите<br>- Зголемена мотивација за младите претприемачи (намалени даноци, ослободување од придонеси во почетните фази на работењето, поголема едукација за ЕУ програми за поддршка, намалување на казни и инспекции)<br>– Настани кои придонесуваат за промоција на претприемништвото<br>- Поголема медиумска покриеност за програмите за поддршка на претприемачи<br>- Воведување на практиканство<br>- Интензивирање на проекти за претприемништво<br>- Бесплатни услуги кои ги нудат организациите за поддршка на бизнис<br>- Користење на средства од програми за поддршка на бизниси<br>- Професионално признати веб страни и сајтови за проучување на претприемачки елементи и попречни степени повисоки во светската култура<br>- Воспоставување на бројни претприемачки феномени кои можат да бидат автентични примери за дипломираните студенти и млади бизнисмени | - Недостиг на претприемачки дух и култура<br>- Силно политичко влијание<br>- Сива економија<br>- Висока стапка на миграција на млади<br>- Одлив на мозоци надвор од општината и државата<br>- Недоверба во системот<br>- Корупција<br>- Се уште спора администрација<br>- Намалување на претприемачкиот потенцијал може да доведе до уништување на вредни локации<br>- Имплементација на бизнис планови<br>- Совршен термин во обид да се промовираат инвестициите и претприемништвото |

| | |
|---|---|
| - Можност за визија, тестирање и започнување на стратешки цели за претприемачки тип<br>- Европска поддршка за промовирање на регионот и намалување на трошоците во иновативни бизниси<br>- Можноста за позитивен ефект на инвестицискиот проток за намалување на трошоците привлекуваат внимание во маркетингот | |

# Што општината треба да направи?!

| КЛУЧНИ ОБЛАСТИ | КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| Финансиска поддршка | **-** помош и обезбедување на инвеститори од земјата и од други земји<br>- зголемување на грантирање за млади претприемачи од немнозински етнички заедници<br>- поддршка за поголемо искористување на Европските фондови<br>- поддршка на финансиско ослободување (плаќање на фирмарина, комунални такси, итн)<br>- отворање на бизнис инкубатори |
| Кадровска поддршка | - советување и консултации на млади претприемачи со обучено лице во локалната самоуправа<br>- отоврање на информативно биро со стручни и обучени лица<br>- правна и сметководствена помош на млади претприемачи<br>- поголема потреба од бесплатно менторство од страна на искусни претприемачи<br>- потреба од посигурна заштита на интелектуалната сопственост<br>- рамномерна распределба на условите и услугите на територијата на цела општина |
| Административна поддршка | - намалување на даноците за нов отворен бизнис во првата година<br>- даночно ослободување од некои даноци во првата година од отворање на бизнис на млади претприемач |

| | |
|---|---|
| | - посета на инспекциски надзор во првата година, но само соведотавен и со опомени<br>- ослободување од придонеси во почетните фази на работењето |
| Техничка поддршка | - обезбедување на правник и/или сметководител<br>- организирање на стручни обуки за млади претприемачи од немнозински етнички заедници<br>- Б2Б средби со релевантни чинители (инвеститори, ментори, сопственици на бизниси)<br>- промотивна поддршка преку заеднички промотивни материјали за општината<br>- Обезбедување на  простор и просторни услови за младите во општината со што ќе е се придонесе кон поттикнување на младите, дружењето на социјалните мрежи да го заменат со спортски, музички и други креативни активности<br>- поддршка за зголемување на информираноста на младите од сите населени места во општината<br>- неселективен пристап ( од политичка, етничка, верска основа)<br>- обезбедување на поголема соработка помеѓу претприемачите<br>- зголемена мотивација за младите претприемачи (намалени даноци, , поголема едукација за ЕУ програми за поддршка, намалување на казни и инспекции)<br>- поголема медиумска покриеност за програмите за поддршка на претприемачи |

# ЗАКЛУЧОЦИ

Политиките и иницијативите за унапредување на младинското претприемништво треба да бидат насочени кон оние со вистински вредности, вештини и идеи за да максимизираат резултатите од јавните инвестиции.

- Иако промоцијата на младинското претприемништво е првенствено одговорност на јавните власти власти, приватните и/или граѓанските организации можат да играат многу важна улога особено кога јавната иницијатива е слаба
- Општините можат да учат едни од други искуства и добри практити, особено каде развојот на култура за претприемништво е во ембрионска фаза
- Подршката на младинското претприемништво треба да се свати како долгорочна стратегија: поставените политики треба да овозможат создавање на материјални (нови бизниси) и нематеријални резултати (промени во ставот на младите кон самовработувањето) на среден до долг рок.
- Програмите за поддршка на младите претприемачи во моментов се на многу ниско ниво, а нивното воспоставување и имплементација ќе бидат особено ефективни ако обезбедуваат избалансиран и сеопфатен опсег ан поддршка, бидејќи препреките со кои се соочуваат често се меѓусебно поврзани и бараат комбиниран пристап. Овој тип на поддршка би требало да се шири во текот на релативно долг временски период
- Квалитетот и способноста на менторите е клучен фактор за успех на иницијативите. Младите претприемачи особено го ценат искуството и добрите практики од поискусните претприемачи.
- Воспоставувањето на нови мерки и форми за развој на младинското претприемништво, особено од немнозинските етнички заедници е на минимално ниво без поддршка на иницијативи како акцелератори, мрежи на бизнис ангели и поголема информираност на претприемачите за предностите од користењето
- Поттикнување на партнерство и меѓу секторска соработка помеѓу државните органи, цивилното општество, образовните и истражувачките центри и бизнис заедницата се од особено значење со оглед на моменталната состојба во земјата и општината;

# ПРЕПОРАКИ

**- Градење силна свесност кај сите граѓани, без оглед на нивната возраст, верска или национална припадност, дека претприемаштвото може да се научи и дека претприемачите може да „се создадат“.** Важно е да се изгради поголема свесност на сите нивоа, така што секој ќе биде способен да го примени доживотното учење во врска со претприемачкото учење – не само во однос на формалното, туку и со неформалното образование. Од другата страна, постојните и потенцијалните претприемачи, без оглед на својата возраст, ќе треба да бидат свесни дека може да го постигнат својот претприемачки успех и дека имаат на располагање знаење за постигнување на тој успех. Креаторите на политиките и просветните работници исто така ќе треба да бидат свесни за важноста на претприемачкото учење во создавањето на благосостојба од полза за општеството воопшто.

**- Поддршка за креирање на иновативно општество со високо креативни и потковани со знаење личности.** Иновирањето е процес што во голема мерка е поврзан со претприемаштвото „иновацијата е специфичен инструмент на претприемаштвото... постапка што на ресурсите им дава нови капацитети за креирање богатство“. Развојот на високоразвиено иновативно општество е уште едно прашање на коешто овој стратешки документ се стреми да даде одговор.

- **Практично ориентирани програми за олеснување на претприемачкото учење во формалното образование - бидејќи учењето за претприемаштвото и иновации во формалното образование е посложено во споредба со останатите предмети.** Процесот на претприемачкото учење бара спроведување значителни промени на повеќе докажани/традиционални образовни техники и методи. Програмите што се однесуваат на претприемачкото учење ќе треба да бидат колку што е можно повеќе практично ориентирани и да вклучуваат повеќе партиципативни методи, засновани врз вистинскиот работен живот, како и методи што ги моделираат или симулираат реалните претприемачки искуства.

**- Спроведувањето на најдобрите практики за претприемачко учење бара развој на соодветни/усогласени алатки за следење, мерење и добивање повратни информации** за да се обезбеди дека мерењето на резултатите се прави за сите релевантни активности што се поврзани со претприемачкото учење. Системите за следење ќе треба да дадат одговор на прашањата како што се: колку мали претпријатија биле отворени; колку од нив ги преживеале првите

години на работењето; колку нови можности за вработување биле креирани, итн. Покрај мерењето на овие мерливи „тврди“ резултати, важно е, исто така, да се разбере и мапира развојот на „меките“ вештини.

**- Успешното спроведување на оваа стратегија ќе обезбеди опкружување кое ќе поттикнува соработка помеѓу клучните засегнати страни.6** Вмрежувањето и размената на различните искуства или најдобри практики се еден од најдобрите можни начини за спроведување на процесот за постојано подобрување на претприемачкото учење. „Она што е важно или релевантно за претприемачкото учење денес ќе биде застарено утре“.

# ФИНАНСИРАЊЕ

Потребно е обезбедување на сигурни финансии за спроведување на активностите за оваа стратегија и претприемачко учење. Притоа, како можни извори се лоцираат:

- Национален буџет (министерства и агенции),
- Буџет на локалната самоуправа,
- Донатори,
- Локален бизнис сектор,
- НВОи.

Буџетот за спроведување на Стратегијата за претприемачко учење е усогласен со сите планирани активности кои се опишани во акцискиот план – како интегрален дел на оваа стратегија. Советот на општина Долнени и локалната самоуправа на општина Долнени ќе ги координира сите активности поврзани со спроведување на стратегијата, вклучувајќи го планирањето и трошењето на буџетот.

**Прашања, коментари и дополнителни информации поврзани со Стратегијата "Стратегија за млади претприемачи од немнозински етнички заедници"**

**Ве молиме да ги упатите на адреса**

**Здружение за рурален развој**

**Локална Акциона Група Агро Лидер**

**Ул.Маршал Тито 92 Кривогаштани**

**Email: lagagrolider@gmail.com**